АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ИНФОРМАТОР

БРОЈ 62 Јуни 2007

## ОДРЖАН ПРВИОТ АДВОКАТСКИ ИСПИТ



На ден 5 јули 2007 година во просториите на Апелациониот Суд во Скопје, за прв пат беше одржан адвокатскиот испит, согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за адвокатура. Испитот го полагаа триесетиеден кадидат за упис во Именикот на адвокати, меѓу кои полагаа судии, обвинители, адвокатски приправници како и правници од стопанството.

Адвокатскиот испит кој е јавен и транспарентен, се полагаше усмено пред Испитна комисија составена од пет члена и на истиот кандидатите ги полагаа предметите: Адвокатска етика, Споредбено адвокатско право, Адвокатурата пред Европските Судови (Европскиот Суд на правдата и Европскиот Суд за човекови права), Адвокатското право во Република Македонија и Адвокатска реторика каде кандидатите даваа завршен збор на даден предмет. Особен акцент при полагањето на адвокатскиот испит беше обрнато на Кодексот на професионална етика на адвокатите, како и услогласеноста со Европските стандарди, особено со Кодексот на етика на Советот на комори и правни друштва на Европа-ССВЕ, постапките пред Европскиот Суд за човекови права, како и на споредбеното адвокатско право.

## СОРАБОТКА ПОМЕЃУ АДВОКАТСКА КОМОРА И ВЕЧЕР ПРЕС

Како што Ве информиравме во претходниот број на Информатор, Адвокатската комора на Република Македонија со цел подобро запознавање на јавноста со нашите активности и проблемите со кои се соочуваме, договори соработка со Вечер Прес согласно која, еден месец бесплатно беше дистрибуиран дневниот весник Вечер до сите членови на АКРМ и сеуште ни се дистрибуира, и истовремено ни се доделени бесплатно на користење 8 страни месечно во весникот Вечер. На овие страници преку АКРМ ќе може да најдат свое место сите Ваши ставови, сугестии, забелешки, правилности и неправилности, пофалби и слично по однос на судски пресуди.

Сите заинтересирани членови кои сакаат да помогнат во остварувањето на оваа соработка, која е значајна за сите нас, истата можат ја подржат преку претплата на дневниот весник Вечер директно во Вечер Прес ДОО или преку АКРМ. Уплата на годишна претплата во износ од 4.680 денари можете да извршите на Вечер Прес ДОО, жиро сметка: 250-0000001347-47, депонент на Инвест Банка АД Скопје. Доколку адвокатите во Република Македонија не ја поддржат оваа иницијатива, нема да ги имаме бесплатно страниците во весникот Вечер.

## А П Е Л

Олимпиецот Миле Стојкоски, кој е во инвалидска количка, ќе помине 15.000 километри на релација Скопје-Пекинг со инвалидска количка кое патување ќе трае една и пол година. Сите членови на Адвокатска комора на РМ кои сакаат да му помогнат во остварувањето на неговата цел, можат да донираат средства со повик на телефоните070/143114 и 075/143114.

## АДВОКАТСКИ ИСПИТ

Се известуваат сите членови на Адвокатска комора на Република Македонија, дека адвокатските тоги кои претставуваат обврска за сите адвокати, се изготвени и истите ќе можат да се подигнуваат преку Претседателите на Адвокатските Заедници.

## СЕМИНАР ВО СОРАБОТКА НА АДВОКАТСКА КОМОРА НА РМ, ГЕРМАНСКАТА ФОНДАЦИЈА ЗА МЕЃУНАРОДНА ПРАВНА СОРАБОТКА ИРЗ И ГЕРМАНСКАТА ФЕДЕРАЛНА АДВОКАТСКА КОМОРА



Како продолжение на активностите за континуирана едукација на адвокатите членови на Адвокатската комора на Република Македонија, во периодот од 29-30 јуни 2007 година во просториите на хотел Истатов, Нов Дојран беше одржан семинар на кој присуствуваа седумдесетина адвокати од цела држава. Темата на овој семинарот кој потикна голем интерес меѓу присутните учесници, беше “Тековниот развој во однос на правната регулатива за професијата адвокат“. Семинарот беше организиран во соработка со Германската фондација за меѓународна правна соработка ИРЗ и Германската Федерална Адвокатска Комора.

Модератор на семинарот беше Г-ѓа Дивна Павлоска, заменик претседател на УО и претседател на Комисија за едукација, која ги поздрави присутните учесници и ги претстави присутните гости на семинарот - експертите од Германија, Др. Стефан Пурнер, проект менаџер на Германската Фондација за меѓународна правна соработка ИРЗ, Г-дин Кристијан Данс, член на Извршен Одбор на Германската Федерална Адвокатска комора и адвокат од Берлин и Г-дин Бертин Хаб, претставник на осигурителната компанија Алианс од Бон. Др. Стефан Пурнер, како проект менаџер на ИРЗ Фондацијата која е коорганизатор на овој семинар ги поздрави присутните учесници и нагласи дека овој семинар претставува почеток на плодна соработка помеѓу двете институции во иднина. Како предавач семинарот го започна Г-дин Дељо Кадиев, член на Управен Одбор на Адвокатска комора на Република Македонија, кој во своето излагање даде преглед на денешната состојба на адвокатурата во Република Македонија и последната легислатива. Во однос на темата од областа на “Должностите на адвоктите да постапуваат во согласност со закон и гонење на дисциплински престапи“, свое излагање за состојбата во Германија даде Г-динот Кристијан Данс, член на извршниот Одбор на Германската Федерална Адвокатската комора. Неговото излагање беше компаративно надополнето со излагањето за состојбата во Република Македонија, дадено од страна на Г-дин Атанас Андреевски, адвокат од Скопје и член на Комисијата за нормативa при АКРМ.

Вториот ден на семинарот го отвори Г-динот Бертин Хаб, претставник на осигурителната компанија Алианс од Бон, со излагање на тема “Одговорност на адвокатот за неправилно работење и односот на адвокатите кон нивното осигурување од професионална одговорност во Германија“. Ова излагање кое даде една практична слика за осигурувањето од професионална одговорност на адвокатите во Германија, предизвика голем интерес кај присутните учесници на семинарот особено имајќи во предвид дека тоа претставува новина која наскоро ќе треба да се примени и кај нас. Г-динот Кристијан Данс, во своето завршно излагање се осврна на “Дозволено и забрането рекламирање и промоција на адвокатите во Германија“, со што ни овозможи комлетно запознавање со регулативата на адвокатската професија во Германија. На семинарот по плодната дискусија се донесоа следните заклучоци:

**1.** Превземање на активности за практична реализација на обврските кои произлегуваат за државните органи и другите правни субјекти кои имаат обврска за давање на податоци и докази согласно на член 83 ст. 2 од ЗПП.

**2.**Да се утврди постапка за покренување на прекршочна постапка за прекршителите на член 83 ст.2 од ЗПП.

**3.**Отпочнување на постапка за донесување на Правилник за осигурување од адвокатска дејност при што да се искористат и инкорпорираат и искуствата од Германија во однос на ова прашање.

**4.**Проширување на практичните случаи за примена на начелото на јавност во постапките-достапност на повеќе информации за текот на предметот и тоа како во прв степен така и во постапка по жалба.

**5.**За рекламирањето на адвокатите нормирано со член 13 од Правилникот за дисциплинска одговорност за истото да се изнајде начин да се уреди во соодветна постапка со Правилникот, со кое ќе се дадат можности за начинот, постапката и облиците на рекламирање и нивно перманентно усогласување со новите електронски и технички можности кои овозможуваат нов пристап на рекламирањето.

## ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ТЕКОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ОБУКИТЕ ЗА АДВОКАТИ НА АКРМ СО ПОДДРШКА НА НАБЉУДУВАЧКАТА МИСИЈА НА ОБСЕ ВО СКОПЈЕ

Почитувани колеги, со особено задоволство можеме да констатираме дека валоризирајќи ја успешноста на двете обуки кои Адвокатската комора на Република Македонија ги реализира со поддршка на Набљудувачката Мисија на ОБСЕ во Скопје, на 9 и 10 јуни за "Меѓународните стандарди за фер судење и практична примена на меѓународно хуманитарно право" и 23 и 24 јуни за "Посебните истражни мерки и како истите да се оспорат од адвокатот од одбраната" дојдовме до недвосмислен заклучок дека темите кои ги селектиравме, експертите кои ги ангажиравме, материјалите кои ги обезбедивме, методологијата на работење која притоа ја применивме беа исклучително високо оценети од страна на 80 те колеги кои ги минаа истите. Евалуационите забелешки веќе претставуваат одличен насочник при понатамошниот избор на теми и аспекти за следни обуки на македонските адвокати.

Во текот на првата обука, беше обрнато внимание на Меѓународни стандарди за фер судење вградени во различни меѓународни договори пред се во Европската Конвенција за човекови права, во тој контекст на Член 5 и Членовите 1 и 2 од Протоколот Бр. 4, Член 6 и Членовите 2 до 4 од Протоколот Бр. 7 од Европската Конвенција за човекови права и нивна интерпретација од страна на Европскиот Суд за Човекови права, а д-р Трајчо Витанов направи пресек на Македонските случаи пред ЕСЧП, и најчестите повреди. Особен интерес пројави Moot Court сесијата на г-динот Светозар Ристески, во која се работеше во 4 групи, а согледувањата беа расправани пленарно. Покрај нив, како експерти ангажирани беа и г-дин Доналд Бисон Директор на Програмата за Реформи во Судството, Набљудувачка Мисија на ОБСЕ во Скопје, г-дин Дељо Кадиев, член на Управен Одбор на АКРМ, г-ѓа Ана Морис, од Garden Court Chambers, Лондон, Обединето Кралство, како и г-дин. Флориан Разесбергер, од Набљудувачка Мисија на ОБСЕ во Скопје и г-дин Радивоје Лазаревиќ, експерт по меѓународно хуманитарно право кои ставија акцент врз Меѓународното хуманитарно право и неговата примена.

Втората обука помина во знакот на посебните истражни мерки, кои од повеќе аспектиги истретираа домашните експерти Венко Калачоски, адвокат, поранешен Државен Секретар во Министерството за Внатрешни работи на Република Македонија, Воислав Зафировски, Помошник Министер и Раководител на Одделот за внатрешна контрола и професионални стандарди во МВР и Јован Илиевски, Раководител на одделението за гонење на сторителите на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупцијата при Јавното Обвинителство на РМ. Особено внимание предизвика неколкучасовниот ангажман на меѓународниот експерт, адвокатот Мајкл Карнавас и неговите презентации за тоа како адвокатот од одбраната може да ги оспорува доказите кои произлегуваат од употребата на ПИМ, анализа, развивање и подготовка на случај, Истражните методи на адвокатот од одбраната, Погодните сопарничарски техники за адвокатот од одбраната. Претседателот на УО на Адвокатска комора на Република Македонија по завршувањето на обуките на учесниците им додели Сертификати за учество потпишани од страна на партнерите на Обуките, АКРМ и Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје.

Воедно, ја користиме оваа прилика да Ве информираме и за една новина која е својствена за овие обуки, имено по предлог на координаторот на проектот, Светозар Ристески, со цел обуките да може да бидат проследени од што повеќе колеги, како и да послужат во прилог на намерата за што посеопфатна едукација, истите во потполност се снимани и систематизирани и од страна на АКРМ на соодветен начин ќе бидат вклучени во програмата за едукација.

Ја користиме оваа прилика да Ве известиме дека во текот на месец септември ќе се одржат еднодневни работилници во врска измените и дополненијата на Законот за кривична постапка, а за точните датуми и место на одржување ќе бидете информирани во следниот број на Информатор.

Ги повикуваме колегите на активно учество во изготвувањето и реализирањето на програмските активности. Воедно сите заинтересирани колеги за учество на споменатите работилници ги информираме дека може да се обратат во АКРМ за подетални информации на телефоните 02 / 3165-409 и 02 / 3212-452.

## ЗАКЛУЧОЦИ ОД ОДРЖАНАТА ОБУКА НА АДВОКАТИ НА ТЕМА "ПОСЕБНИ ИСТРАЖНИ МЕРКИ И КАКО ДА СЕ ОСПОРАТ ОД СТРАНА НА АДВОКАТОТ ВО ОДБРАНАТА"

1. Се укажува потреба од измена на член 142-а од Закот за кривична постапка, член 146 од неговиот пречистен текст, во смисол да се одбегне дилемата која ја предизвикува текстуалната поставеност на оваа одредба во смисол да истата се толкува на начин што се овозможува примена на ПИМ и за кривични дела за кои не е предвидена казна затвор најмалку 4 години или да се сторени од организирана група.
2. Да се покрене постапка за измена на законските прописи на начин што ќе се овозможи тонски и видео запис од главниот претрес, а заради обезбедување на точен запис од она што се изведува како доказ пред судот.
3. Потребно е законско доуредување на материјата која се однесува на ПИМ во смисол да и на адвокатите на одбраната им бидат достапни податоциите до кои е дојдено по пат на ПИМ.
4. АКРМ ја поздравува веќе отпочнатата постапка за измени на Законот за обезбедување на имоти и лица, а од причина што ваквите измени се неопходни заради одбегнување на евентуални злоупотреби.
5. Се упатуваат адвокатите да ја посетуваат ВЕБ страната на МВР на која ќе бидат достапни сите подзаконски акти кои се однесуваат на работење на полицијата, а меѓу другото и за начинот на спроведување на ПИМ.
6. АКРМ во соработка со МВР да организира семинар на тема "Улога на адвокатот во полициска постапка".

**ЗАКЛУЧОЦИ ОД ОДРЖАНАТА ОБУКА НА АДВОКАТИ НА ТЕМА
“МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ ЗА ФЕР СУДЕЊЕ И
ПРАКТИЧНА ПРИМЕНА НА МЕЃУНАРОДНОТО ХУМАНИТАРНО ПРАВО“**

1. Меѓународните стандарди за фер судење се имплементирани во законодавството на Република Македонија и самите законски прописи истите го содржат, но нивната примена е отежната и судството има тенденција да не допушта нивна целосна примена. Активната улога на адвокатот како заштитник на правата на граѓаните е многу битна во остварување на истите стандарди во согласност со ЕКЧП и другите меѓународни документи.
2. Адвокатот е должен целосно да биде посветен на одбраната на својот клиент и да бара да бидат применети овие меѓународно прифатени стандарди и неговата улога во примена на истите е активна и истиот е должен на секој законски начин да бара нивна примена од страна на Судот.
3. На адвокатите им е потребна и подршка во примена на овие меѓународни стандарди за фер судење од страна на домашни и странски институции кои се занимаваат со човековите права, а се со цел да му се овозможи на адвокатот без никакви последици по себе да бара апсолутно почитување на овие меѓународни стандарди.
4. Постои повреда на меѓународните стандарди за фер судење во случај кога судовите не ги соопштуваат имињата на судиите кои треба да постапуваат по жалба. Ваквото однесување е во спротивност со правото на достапност до информции во смисол на член 6 од ЕКЧП и Законот за пристап до информации.
5. Корисно е да се остваруваат работилници на кои ќе бидат разработувани замислени случаи заради поблиско запознавање на адвокатите со практична примена на меѓународните стандарди за фер судење и постапката пред ЕСЧП.
6. Да се иницира постака за измена на ЗКП согласно која ќе постои обврска на судот и во претходна постапка да доставува докази и записници до одбраната.
7. Потребно е дополнително усогласување на одредбите на кривичните дела против човечноста и меѓународното право со одредбите на меѓународните конвенции заради одбегнување на недоумиците кои може да се појават во нивната примена.
8. Имајки ги предвид искуствата на Босна и Херцеговина од нивниот Закон за соработка со Хашкиот трибунал потребно е по донесување на Законот за соработка со Хашкиот трибунал во Република Македонија повторно разгледување од страна на стручната јавност на овој закон и потребно е организирање на дополнителен семинар чија тематика ќе биде токму овој закон заради дополнително запознавање на адвокатите со одредите на истиот и неговите евентуални недостатоци.
9. Меѓународното хумнатирано право е од особена важност за заштита на правата на граѓаните и потребна е поширока обука на адвокатите во таа област.
10. Потребна е измена на ЗКП во делот кој се однесува на правото на посета на адвокат на обвинетиот уште од најрана фаза без присуство на стражар и без посебно одобрение од страна на судија и без никакви ограничувања.

Овие заклучоци да бидат доставени до организаторите, до сите надлежни инстиитуции, особено до Министерството за правда и да бидат основа за предлози за измени на закони.

## ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ДЕНОТ НА МАКЕДОНСКАТА АДВОКАТУРА

Со цел да се одбележи Денот на македонската адвокатура, 16 јули 2007 година, група на претставници од Адвокатската Заедница Битола и Адвокатската Заедница Ресен, со цвеќе ги закитија бистите на адвокатите Коле Канински и Јосиф Јосифовски, кои се наоѓаат пред Апелациониот суд во Битола.

Истотака со цвеќе беше закитен и гробот на славниот гемиџија и еден од првите адвокати во Македонија Павел Шатев.



**АДВОКАТСКИ КЛУБ РЕСТОРАН "НАЦИОНАЛ"**
20 % попуст за сите членови на Адвокатска комора на РМ
тел. 02 / 3214 200

**Издава : АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СТРУЧНА СЛУЖБА**